РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-89

Скопје 05.03.2020г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-89 од 20.02.2020 година, на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Предлогот бр.08-89 од 05.03.2020 година на Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-1002/6 од 05.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 05.03.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-89 од 20.02.2020 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 21.02.2020 година, со Заклучок, бр.02-718/17 од 21.02.2020 година, го усвои предлогот на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата Уп1 бр.08-89 од 20.02.2020 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот наш арх.бр.05-658/1 од 17.02.2020 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на Фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 21.02.2020 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-89 од 21.02.2020 година, со кој беше известен дека доколку не го

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 05.03.2020 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, наш арх.бр.05-658/2 од 05.03.2020 година дека ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, на 04.03.2020 година извршило уплата во износ од 194.239,00 (стодеведесетичетириилјададивестетриесетидевет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-89 од 20.02.2020 година, на овластеното лице од страна на Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Предлогот бр.08-89 од 05.03.2020 година на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-1002/6 од 05.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 05.03.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).